# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**ИТНО**

**До:**
**Министерството за правда**
**на Република Македонија**

**За: г-дин Аднан Јашари,**
**Министер за правда**

**Бр.** 03-6593/1
**Скопје** 18.11.**2015г.**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38**

**1000 Скопје**
**Република**
**Македонија**

**Тел. + 389 2 3103 400**

**www.avmu.org.mk**
**www.avmu.mk**
**contact@avmu.mk**

**Предмет:** Известување за потреба од исправка и дополнување на Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 196/15)

I. Во изданието на „Службен весник на Република Македонија“ бр. 196/15 од 10.11.2015 година, беше објавен Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик, кој согласно член 87 од истиот, влезе во сила со денот на неговото објавување во „Службен весник на Република Македонија“, односно на 10.11.2015 година.

По извршениот увид во текстот на Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик, со цел негова имплементација, од страна на Агенцијата беше констатирано следното:

Во Преодните и завршни одредби на Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик, изречно е наведено следното:

- <u>во член 82 став 1</u>

Заради организирање на предвремени избори за пратеници кои ќе се одржат на 24 април 2016 година, забрането е платено политичко рекламирање кај радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет порталите) во периодот од 20 декември 2015 година до денот на почетокот на изборна кампања за предвремените парламентарни избори во 2016 година, и

- <u>во член 83</u>

Од денот на влегувањето во сила на овој Законик до денот на одржување на предвремените изборите за пратеници кои ќе се одржат на 24 април 2016 година, радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет порталите) не смеат да емитуваат, односно да објавуваат реклами финансирани од Буџетот на Република Македонија, од буџетите на општините и на градот Скопје и на сите други лица на кои со закон им е доверено вршење на јавни овластувања.

Меѓутоа, за напред наведените законски одредби содржани во членовите 82 и 83 од Преодните и завршни одредби од Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 196/15), не се предвидени казни и прекршочни одредби.

Имено, во случај на непочитување на забраните кои се јасно дефинирани во овие членови, не постојат законски претпоставки за водење прекршочна постапка и за изрекување на прекршочна санкција од страна на надлежниот суд.

Во врска со тоа, укажуваме на потребата за итно дополнување на Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 196/15), во смисла на наведеното.

Исто така, во членот 182 став 1 алинеја 3 од Изборниот законик, утврдена е печатна грешка, така што потребно е да се изврши соодветна исправка на овој член од Изборниот законик.

Имено, зборовите: „објавуваат огласи и реклами спротивно на членот 75-д став (6) од овој законик", потребно е да се заменат со зборовите: „објавуваат огласи и реклами спротивно на членот 75-д став (4) од овој законик", од причина што членот 75-д од Законикот не содржи став 6, а наведеното прекршување - објавување огласи и реклами е предвидено е во член 75-д став 4.

II. Во врска со сето напред наведено, а имајќи ја предвид важноста за доследна имплементација на одредбите од Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 196/15), Ве молиме согласно Вашите надлежности, да преземете активности за негова итна измена и дополнување.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, доколу при натамошната практична примена на Законикот констатира и други недоследности, за истите дополнително ќе ве извести.

Ви благодариме на соработката.

Подготвил/Контролирал: Цветанка Митревска
Одобрил: д-р Андриана Скерлев – Чакар

Согласен: м-р Драгица Љубевска

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
СКОПЈЕ